**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 27-03-2023

| Орг. единица Njësia org | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 1388 | / | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен
2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп
3. **Период опфатен со надзорот:** 2 март 2023 година
4. **Датум на извршување на надзорот:** 27 март 2023 година
5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);
- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма на телевизија);
- **Член 92 став 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.).

6. **Претходно изречена мерка: /**
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, емитуван на 2 март 2023 година, на државно ниво, **е констатирано прекршување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во

случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница).

Со надзорот е констатирано дека на 2 март 2023 година, на телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, во две емисии не е обезбеден превод на македонски јазик. Во емисијата „Македонски песни во Добриниште, Пиринска Македонија 2", говорот на гостите се емитува изворно на бугарски јазик, без да се обезбеди превод на македонски јазик, а дел од емисијата „Јади Бурек", односно дел од интервјуто со Џејсон Мико се емитува изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик.

| Наслов | Период на емитување на емисијата | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| „Македонски песни во Добриниште, Пиринска Македонија 2" - премиера<br><br>„Јади Бурек" - премиера | 00:00:00<br><br>20:37:48 | 00:11:51<br><br>21:09:07 | Во емисијата „Македонски песни во Добриниште, Пиринска Македонија 2", говорот на гостите се емитува изворно на бугарски јазик, без да се обезбеди превод на македонски јазик, а дел од емисијата „Јади Бурек", односно дел од интервјуто со Џејсон Мико се емитува изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик. |

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, на 2 март 2023 година, во две емисии не е обезбеден превод на македонски јазик. Во емисијата „Македонски песни во Добриниште, Пиринска Македонија 2", говорот на гостите се емитува изворно на бугарски јазик, без да се обезбеди превод на македонски јазик, а дел од емисијата „Јади Бурек", односно дел од интервјуто со Џејсон Мико се емитува изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик.

**9. Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 10 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно

или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***